# Правила за користење

ПРАВИЛА ЗА КОРИСТЕЊЕ на дополнителната услуга „А1 Xplore TV Go ”

1. ПРЕДМЕТ

Со овие Правила за користење (во понатамошниот текст: Правила) се уредуваат условите и начинот врз основа на кои Друштвото за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: А1 МК) на своите претплатници им го овозможува користењето на дополнителната услуга „А1 Xplore TV”.

1. ДЕФИНИЦИИ

- „Услугата‟– „А1 Xplore TV‟, е дополнителна телевизиска услуга која им овозможува на Корисниците пристап до интернет платформа преку која може да гледаат Содржина на различни терминални уреди (персонален компјутер, таблет, мобилен паметен телефон – смартфон или Смарт ТВ).
- „Содржина‟ означува и вклучува телевизиски содржини (телевизиски канали и/или нивни елементи како филмови, видео и др.) кои се достапни со користењето на Услугата.
- „Корисници‟– Услугата „А1 Xplore TV‟е достапна само за претплатници на А1 МК кои имаат склучено претплатнички договор за било која услуга и за истиот плаќаат месечна сметка. Услугата може да се користи преку сите мобилни оператори и мобилни мрежи исклучиво во Република Северна Македонија.
  Услугата не работи надвор од Република Северна Македонијат.е на роаминг или на мрежи на други оператори надвор од Република Северна Македонија.

- „Пакети“– За услугата „A1 Xplore TV“ согласно својата деловна политика A1 МК може да предвиди и пакети кои ќе бидат достапни за Корисниците без или со соодветна претплата.

III. УСЛОВИ НА КОРИСТЕЊЕ

- Користењето на Услугата се врши преку профил издаден од страна на A1 МК на Корисникот со корисничко име и лозинка
- За користење на Услугата потребно е терминалниот уред да е поврзан на Интернет (без разлика дали се поврзува преку мобилен или кабелски интернет, безжична врска (WiFi), или Hot Spot-ови), зависно од терминалниот уред. За остварениот  податочен сообраќај може да биде наплатен дополнителен надоместок, зависно од тоа од како е обезбеден пристапот на Интернет.
- Содржината достапна преку Услугата може да се користи преку интернет порталот https://xploretv.mk и / или преку мобилна апликација "Xplore TV" која може бесплатно да се симне од App Store за корисници на оперативниот систем iOS или од Play Store, за корисници на оперативниот систем Android а воедно и за Смарт ТВ на соодветните уреди.
- Информациите за бројот и видот на телевизиските канали достапни преку Услугата како и упатство за користење на Услугата и Содржините се објавени на www.a1.mk
- Корисникот е овластен да ја користи Услугата исклучиво за лична употреба и единствено на територијата на Република Северна Македонија. Строго е забрането Содржините јавно да се прикажуваат, да се пренесуваат понатаму или на каков било друг начин да се препродаваат кон трети лица.
- За користење на Услугата, доколку е предвидено Корисникот плаќа месечна претплата преку месечната сметка за користење на комуникациски услуги и надомест за искористен податочен сообраќај. Месечната претплата на Услугата се однесува на период од 30 денови, сметано од денот на активација на Услугата.
- При користење на Услугата преку мобилен интернет, по искористување на податочниот сообраќај кој е вклучен во тарифниот модел на Корисникот, понатамошно генерираниот податочен сообраќај се наплатува согласно тарифниот модел на Корисникот или активираниот дополнителен интернет пакет во зависност од мобилниот оператор на кој се користи услугата.
- Детали за цените, надоместоците и промоциите за Услугата се наведени во Ценовникот на A1 Македонија ДООЕЛ Скопје, достапен на www.A1.mk
- Контролата на пристапот до Содржините од страна на деца и малолетни лица како и оневозможувањето на пристапот до дел од содржините во зависно од возраста се ограничени со ПИН код а воедно и со функциите

“Контрола на возраст” ; “Блокирање на канали” меѓутоа одговорноста е на крајниот корисник.

## IV. ОПИС НА УСЛУГАТА

Услугата вклучува:

- гледање ТВ во реално време на Содржините;
- временски одложено гледање на дадена ТВ програма (time-shift) – до 7 дена наназад од емитувањето;
- снимање, паузирање и премотување напред и назад на дел од каналите кои ја нудат таа опција а воедно и на снимените Содржини.
- Услугата може да се користи преку следните терминални уреди: персонален компјутер, таблет или мобилен паметен телефон – смартфон, Смарт ТВ, кои имаат соодветна софтверска поддршка на достапноста на Услугата.
- Корисникот може да регистрира максимум 5 уреди, меѓутоа во исто време Услугата може да се користи на максимум 3 уреди пр. Мобилен, Лап топ, Таблет или Смарт ТВ.
- Сите активности што се прават на Xplore TV платформата се синхронизирани помеѓу себе на сите уреди т.е Мобилните апликации, Смарт ТВ апликациите како и Web сервисот.
- Продолжи со гледање функционалност,содржина започната од било кој еден уред ( Мобилна апликација,Смарт ТВ апликација, веб сервисот) може да продолжи да се гледа на друг уред.

1. АКТИВИРАЊЕ И ДЕАКТИВИРАЊЕ НА УСЛУГАТА

Услугата се активира по барање на корисник и врз основа на склучен договор за пакет со фиксни или мобилни услуги

- на корисникот му се издава корисничко име и лозинка при самото активирање на услугата;
- доколку Корисникот сака да ги користи Содржините преку мобилен терминален уред, потребно е да ја симне и инсталира апликацијата Xplore TV од App Store, Play Store или од Huawei Store или во зависност од оперативниот систем на мобилниот терминален уред.
- доколку Корисникот сака да ги користи Содржините преку Смарт ТВ уред, потребно е да ја симне и инсталира апликацијата Xplore TV од Play Store за Андроид апликацијата или од Samsung/LG Store во зависност од оперативниот систем на ТВ уредот.
- Корисникот може да изврши деактивација, односно откажување на користењето на Услугата самостојно во било кое време.

ТЕХНИЧКИ БАРАЊА И ПАРАМЕТРИ

- Кога Услугата се користи преку мобилен терминален уред истата може да се користи само преку смартфони и таблети со Android, iOS и Huawei оперативен систем
- Кога Услугата се користи преку Смарт ТВ уред истата може да се користи на:
  **Android ТВ уред** кој е со минимум Андорид 9 верзија на софтвер
  **Samsung ТВ** уред со оперативен систем Tizen не постар од 2018 год. на производство
  **LG ТВ** уред со оперативен систем webOS не постар од 2018 год. на производство

- Корисникот мора да обезбеди правилно функционирање на терминалниот уред (посебно обезбедување на слободен мемориски простор и општата функционалност на уредот).
- Препорачливо за најдобар квалитет и подобро корисничко искуство за Смарт ТВ апликацијата е уредот да е поврзан на интернет со кабел
- Корисникот е запознаен и е согласен дека за користење на Услугата е потребен квалитетен пристап до интернет и дека користењето на Услугата зависи од условите и квалитетот на интернет конекцијата. Препорачлива минимална брзина на интернет конекцијата при користење на Услугата е 5 Mbit/s.
- Со оглед на тоа дека при користење на Услугата доаѓа до зголемено користење на податочен сообраќај (download и upload), заради оптимизација на трошоците, препорачливо е Корисникот да користи една од следните опции за обезбедување на интернет конекција: да активира поголем пакет за мобилен интернет, да се поврзува на

интернет преку кабелска инсталација или преку безжична врска (WiFi), да користи бесплатни Hot Spot-ови, итн.
- При користење на Услугата се користат колачиња (cookies) за да се креираат персонализирани содржини за Корисникот.

1. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

На сите односи помеѓу Корисникот и А1 МК коишто не се уредени со овие Правила, соодветно се применуваат одредбите од:

- Општите услови за користење на А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
- Склучениот Договор за засновање претплатнички однос за користење на мобилни комуникациски услуги.

- А1 ги задржува правата за промена на овие Правила за користење, при што сите промени ќе ги објави на интернет страницата www.A1.mk или на друг соодветен начин.
- Овие Правила за користење на „A1 Xplore TV" услугата се применуваат од 16.06.2023 година.